МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
4
Број 09-288059/1
Дата 27-05-2020

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

до Г-дин Зоран Трајчевски, Директор
Палата Панко Брашнаров
ул. „Македонија" бр.38
1000 Скопје

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë S. Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 28.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlere |
| 01 | 933/6 | 1 | |

Предмет: Коментари на Македонски Телеком за Нацрт Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година и Коментари на Нацрт Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава

Почитувани,

Ви благодариме на можноста за коментирање на Нацрт Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година (понатаму Нацрт Правилник) и Нацрт Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава.

Во овој допис ги даваме коментарите на Македонски Телеком АД Скопје на погоренаведените Нацрт Правилник и Нацрт Упатство.

Сметаме дека предложените измени дадени во Нацрт Правилникот се незаконски и неуставни од причина што регулираат материја која е веќе регулирана во Законот за авторско право и други сродни права и Кривичниот Законик за што веќе е поведена иницијатива пред Уставниот суд за соодветните измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за оценување на уставноста на истите.

Имено, наметнувањето на одговорност на операторите за реемитувани програми е без преседан и е целосно спротивна на суштината на дефиницијата на поимот - реемитување утврдена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги имајќи предвид дека со истиот закон Операторите ниту имаат уредувачка одговорност ниту контрола врз реемитуваните програми која во целост припаѓа на страна на радиодифузерите.

Без преседан е и дискриминацијата на странските радиодифузери во однос на домашните, односно a priori сомневање во работењето на странските радиодифузери и обременување со дополнителни документи, односно со потпишување на изјава за целите на нивно реемитување во Македонија, која за домашните не е предвидена.

Исто така, воведување на обврските кои каналите треба да ги исполнат за да може да бидат реемитувани на територија на Македонија, практично ќе стави ненадминлива пречка за реемитување на странски ТВ програми и истата е во спротивност и со ЕУ Директивата за реемитување и Директивата за телевизија без граници.

Сметаме дека предложените измени на Правилникот ќе доведат до прекршување на сите основни принципи на радиодифузната дејност и медиумската сфера утврдени од страна на ЕУ и на постоечките законски решенија по однос на слобода на изразување и телевизии без граници.

Доколку, сепак ги имплементирате овие предлог измени иако се неуставни и спротивни на регулативата на ЕУ, напоменуваме дека точките 5 и 6 од член 8 и став 2 од член 9 алинеи 2 и 3 се нејасни и нецелосни па поради тоа и практично неприменливи. Ова од причина што за двете изјави: Изјава (Прилог бр.3 кон овој Правилник) од одговорното лице на операторот и Изјава (Прилог бр.4 кон овој Правилник) од одговорното лице на радиодифузерот не е предвидено пред кој надлежен орган ќе се потпишат и заверат, односно за втората не е прдвидено на кој јазик, во која држава и дали ако е дадена во домицилната држава на радиодифузерот истата треба да е преведена на македонски јазик и да биде заверена на нотар. Дополнително, за Изјава (Прилог бр.4 кон овој Правилник) од одговорното лице на радиодифузерот е предвидено да се внесе податок за лична карта и тоа издадена од МВР?!

Исто така, членот 14 спротивно на Законот предвидува надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во сферата на авторските права и утврдување дали правата на имателите се прекршени. Сметаме дека ова е потполно недозволиво од причина што за своите авторски права се грижи содветниот имател на истите бидејќи тие се приватни, лични права и нивната заштите се врши ex post во соодветна судска постапка. Со имплементација на оваа одредба, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги надминува своите надлежности спротивно на домашната регулатива и ЕУ регулативата кои ги регулираат авторските права. Дополнително, обврската за доставување на: *„и/или дозвола за телевизиско или радио емитување на странскиот радиодифузер од кого потекнува програмскиот сервис што треба да се реемитува, издадена од надлежниот регулатор на матичната земја“* претставува обврска што практично не може да се исполни од причина што странскиот радиодифузер од кого потекнува програмскиот сервис што треба да се реемитува не може да обезбеди таква дозвола од својата матична земја затоа што никаде во светот не е предвидено вакво нешто.

Во однос на Нацрт Упатството сметаме дека овој правен акт е спротивен на Законот за авторски права, Законот за прекршоци и Кривичниот Законик бидејќи со истиот се предвидува надлежност на Агенцијата во постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава. Со ова Агенцијата си дава улога на истражен орган и тоа само за странските радиодифузери што е недозволиво од аспект на рамноправноста на сите субјекти на пазарот во Македонија, а особено спротивно на законската регулатива која дефинира кои органи се истражни, прекршочни и сл.

Се надеваме дека ќе ги земете предвид нашите коментари и овие предлог измени нема да бидат имплементирани во соодветните подзаконски акти.

Со почит,

Директор на сектор за големопродажни и регулативни прашања,
Слободанка Гievска

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје